**20130791765**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ**

Се прогласува Законот за иновациската дејност,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 мај 2013 година.

Бр. 07-2235/1
29 мај 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет**

Член 1

Со овој закон се уредува иновациската дејност, принципите, целите и организацијата на примената на резултатите од иновациската дејност, научноистражувачката дејност, техничките и технолошките знаења, пронајдоците и иновациите, како и основањето, статусот, надлежностите, управувањето и раководењето, финансирањето, надзорот над работата, како и други прашања поврзани со работата на Фондот за иновации и технолошки развој.

**Супсидијарна примена**

Член 2

На постапките утврдени со овој закон се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 3

Изразите употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Национален иновативен систем“ е збир на организации, институции и нивните односи во функција на генерирање, ширење и примена на резултатите од научноистражувачката дејност и технолошките подобрувања во Република Македонија;

2. „Иновациска дејност“ се активности кои се преземаат за да се создадат иновации на производи, технологии, процеси и услуги;

3. „Иновација“ е примена на нов или значително подобрен производ, технологија, процес или услуга, вклучително и техничките спецификации, компоненти и материјали, вграден софтвер, ориентација кон корисници или други функционални карактеристики, маркетинг метод или нов организациски метод во работењето, во организација на работните односи или односите на правното лице со околината;

4. „Иновација на производ“ е примена на нов или значително подобрен производ, а не е промена од естетска природа или исклучително продажба на иновативни производи произведени и развиени од страна на друго физичко или правно лице;

5. „Иновација на процес“ е примена на нов или значително подобрен начин на производство или испорака, складирање и транспорт, вклучително и значителни промени во техника, опрема или софтвер, не ограничувајќи се само на организациски и менаџерски промени;

6. „Иновација на технологија“ е примена на нова или значително подобрена технологија;

7. “Организациска иновација“ е примена на нови или значителни промени во структурата или методите на управувањето, со цел за подобрување на употребата на знаењето, квалитетот на производите или услугите, или зголемување на ефикасноста на деловните процеси, во соодветното правно лице или влез на нови пазари;

8. „Маркетинг иновација“ е примена на нови маркетинг методи, вклучувајќи и значителни промени во дизајнот на производот, пакувањето, пласманот и промоцијата на производот и наплатата на производот;

9. „Иновација на услуга“ е примена на нова или значително подобрена услуга;

10. „Субјект на иновациската дејност“ е правно или физичко лице кое создава иновации, пласира нови знаења и технологии, на оригинален и систематски начин врши примена на научни резултати и современи технолошки процеси поради создавање на иновации, развој на прототипи, нови производи, процеси и услуги, или подобрување на постоечките во одредена област и е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија согласно со Законот за вршење на иновациска дејност;

11. „Субјект за давање инфраструктурна поддршка за вршење на иновациска дејност“ е правно лице за давање инфраструктурна поддршка и поврзување на научноистражувачките со иновациските организации и со стопански субјекти, регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија;

12. „Иноватор“ е физичко лице кое со својата иновациска дејност придонело за создавање на нови или значително подобрени производи, технологии, процеси и услуги;

13. „Иновациски проект“ е документ кој предложува начини на реализација на програми од иновациска дејност што резултира со создавање на нови или значително подобрени производи, технологии, процеси и услуги;

14. „Иновациска инфраструктура“ е опкружување создадено во областа на информатичките и комуникациските технологии, техничко-технолошка опрема, физичката инфраструктура (просторна, транспортна, интернет и интранет), како инфраструктура на знаење (ресурси на научноистражувачки институции и други образовни и консултантски ресурси), која е во функција на предизвикувач на реструктуирање на деловниот сектор и вмрежување на субјектите на иновациската дејност од академскиот и стопанскиот сектор;

15. „Новоосновано микро, мало и средно трговско друштво старт-ап“ е трговско друштво основано од едно или повеќе физички и/или правни лица од чие основање до моментот на аплицирање за финансирање од Буџетот на Република Македонија, не поминале повеќе од шест години;

16. „Новоосновано трговско друштво спин-оф“ е трговско друштво основано од едно или повеќе физички лица вработени/ангажирани или студенти во установата која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност и/или правни лица основани од установи кои вршат научноистражувачка дејност и/или од стопански субјекти, со цел за комерцијална експлоатација на иновацијата, префрлена во новооснованото трговско друштво;

17. „Кофинанирани грантови” се грантови каде што примателот на грантот мора да учествува со сопствени средства во износ од минимум 15% во вкупната инвестиција;

18. „Еквити инвестиција“ е вложување во трговско друштво со ограничена одговорност и трговец поединец со што се откупува постоечки удел од сопственоста на трговско друштво кое врши иновациска дејност согласно со овој закон или вложување со кое се стекнува нов удел во тоа трговско друштво;

19. „Мезанин инвестиција“ е вложување кое ги има карактеристиките и на еквити инвестиција и на кредитирање на трговско друштво со ограничена одговорност и трговец поединец кое врши иновациска дејност согласно со овој закон;

20. „Фонд за еквити и мезанин инвестиции“ претставува посебен имот, без својство на правно лице, формиран за поддршка на иновациската дејност преку прибирање на средства од инвеститорите за реализација на инструментот еквити и мезанин инвестиција и

21. „Приходи (ројалти) од комерцијализација на иновации” се средства стекнати по основ на реализација на иновации чиј развој го финансирал Фондот за иновации и технолошки развој, а во согласност со договорот за финансирање.

## Иновациска дејност

Член 4

Иновациската дејност ги вклучува следниве активности:

- примена на научноистражувачката работа и технолошките активности, во насока на создавање на нови или подобрени производи, услуги и процеси, новитети или подобрувања во технолошкиот процес, имплементирани во економскиот промет,
- технолошко опремување и подготовка на производството за иновациска дејност,
- тестирање за сертификација и стандардизација на нови производи, технологии, процеси и услуги,
- создавање на нови или подобрени производи и услуги и/или примена на нови или подобрени технологии во почетен период на иновацискиот проект,
- организација и/или уредување на пазарите на иновативни производи, технологии, процеси и услуги,
- трансфер на технологии и/или знаење за иновативни производи, технологии, процеси и услуги,
- создавање и развој на инфраструктура за иновации,
- заштита, пренос и стекнување на права од иновации со цел за нивен развој и комерцијализација,
- употреба на нови идеи и резултати на научноистражувачката дејност во областа на управување со општеството,
- промоција на резултатите од иновациската активност и комерцијализација на резултатите од иновациската дејност,
- усвојување и примена на глобални технолошки know-how ,
- прилагодување на глобалното интелектуално знаење на ниво на Република Македонија и
- други активности насочени кон создавање на иновации, во согласност со овој закон.



www.pravdiko.com

**Иновациска политика**

Член 5

За поставување на цели и обезбедување на системски услови за создавање, развој и имплементација на иновации, Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) донесува стратегија за иновации за период од седум години, на предлог на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството), во соработка со Министерството за економија.

**Комитет за претприемчивост и иновации за следење на развојот и комерцијалната експлоатација на иновациите**

Член 6

Владата формира Комитет за претприемчивост и иновации за следење на развојот и комерцијалната експлоатација на иновациите (во натамошниот текст: Комитетот).

Комитетот е составен од претседател и 16 члена.

Претседател на Комитетот е претседателот на Владата.

Членови на комитетот се:

- заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања,
- министерот, односно заменикот на министерот за финансии,
- министерот, односно заменикот на министерот за здравство,
- министерот, односно заменикот на министерот за економија,
- министерот, односно заменикот на министерот за информатичко општество и администрација,
- министерот, односно заменикот на министерот за образование и наука,
- министерот, односно заменикот на министерот за труд и социјална политика,
- министерот, односно заменикот на министерот за животна средина и просторно планирање,
- двајца министри без ресор,
- министерот, односно заменикот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и
- пет експерти за иновациската дејност кои ги предлага Владата.

Комитетот ги врши следниве работи:

- координирање на политиките и мерките на Владата за зголемување на иновативноста и конкурентноста,
- интегриран пристап во креирањето и имплементацијата на активностите и мерките за зголемување на иновативноста и конкурентноста,
- координирање на распределбата на буџетските средства во согласност со владините приоритети,
- ги разгледува извештаите на работата на Фондот за иновации и технолошки развој,
- координирање меѓу институциите во креирањето на политиките и спроведување на активностите за иновации и конкурентност, за да се оневозможи преклопување на истите во различни институции,
- разгледување и давање мислење на програмите на Фондот, пред доставување во Владата,
- давање препораки/предлози до Владата по однос на програми и проекти од меѓународни организации за поддршка и развој на иновациската дејност,
- редовно следење на политиките и мерките на Европската унија и земјите со најдобра пракса на полето на зголемување на иновациите и процена на нивната релеватност и влијание на Република Македонија,

- давање препораки и предлози на министерствата на тема иновации поврзани со нивните дејности,
- давање препораки и предлози до Владата како може да се спроведат активности за развој на технологијата со цел за зголемување, комерцијализација и апсорпција на иновациите,
- редовно следење на индикаторите за иновации на македонската економија според Глобалниот индекс на иновации и врз таа основа градење на соодветни ставови и предлагање на мерки,
- давање препораки и предлози до Владата поврзани со деловното опкружување, а во врска со интелектуалната сопственост и олеснување на финансирањето на иновации,
- интегриран пристап во креирањето на политиките за имплементационите тела/агенциите и давање соодветни предлози до Владата за проширување на надлежностите на постојните тела/агенции и/или формирање на нови од областа на иновациите и
- други работи сврзани со реализација на задачите и целите за дејствување на Комитетот.

Комитетот донесува деловник за својата работа.

Член 7

На предлог на Комитетот Владата може да формира посебни тела за следење и поттикнување на иновациската дејност во посебни области и одделни стопански гранки со цел да ја координира работата и да ги реализира заедничките интереси во областа на иновациската дејност.

**Надлежности на Министерството за образование и наука**

Член 8

За следењето на развојот и комерцијалната експлоатација на иновациите Министерството за образование и наука, преку Секторот за иновации, конкурентност и претприемчивост за следење на развојот и комерцијалната експлоатација на иновациите (во натамошниот текст: Секторот), ги врши следниве работи:

- подготвува стратегија за иновации,
- подготвува тригодишни акциски планови кои произлегуваат од стратегијата за иновации,
- предлага на Комитетот и на Владата политика во областа на иновациската дејност и програми на иновациската дејност,
- ги следи и анализира европските и светските трендови и стандарди во иновациската дејност и предлага мерки за нивно преточување во Република Македонија,
- ги следи и анализира прашањата поврзани со иновациите како што е интелектуалната сопственост и експанзија на технологија како во Република Македонија, така и светските трендови и предлага мерки за да одговори на предизвиците и можностите на овие промени,
- ја следи реализацијата на постојните активности во иновациската дејност и предлага мерки во согласност со развојниот потенцијал на Република Македонија,
- дава мислења и предлози за иновациската дејност во Република Македонија,
- дава мислења, предлози и насоки за меѓународната соработка, остварува меѓународна соработка и се грижи за вклучувањето на носителите на иновациската дејност во европскиот и меѓународниот иновациски простор, согласно со овој закон и ја анализира меѓународната пракса во оваа област,

- предлага до Комитетот конкретни индикатори за следење и евалуација за иновациски програми вклучувајќи и услуги за развој на технологии,

- врши анализа на ефективноста на различни програми и препораки до Комитетот и Владата за подобрување на влијанието на постојните и предложените иницијативи,

- подготвува стручни анализи во областа на иновациската дејност,

- спроведува истражувања, анкети и економски и технолошки побарувања со цел за помагање на Владата заради подобрување на политиката за помош на иновациската дејност,

- иницира измени на законите и другите прописи во оваа област со цел за поттикнување на иновациска дејност,

- ја поттикнува соработката меѓу високообразовните установи и индустријата и помага при ориентирање на образованието кон области и вештини, каде што има побарувачка на пазарот, а истото го прави преку олеснување на интеракцијата меѓу различни индустриски конзорциуми, академската заедница и иновациската заедница , преку редовни средби,

- ги следи различните програми на Европската унија за иновациите и иновацискиот простор на комерцијализација и ги истражува можностите да учествуваат во оние со преземање чекори за исполнување на барањата за учеството, а со тоа да помогне за висок степен на искористување на средствата од тие програми,

- помага при спроведување на обуки за јакнење на човечките капацитети за вршење на иновациска дејност,

- помагање при воспоставување на технолошка инфраструктура, со цел за одреден индустриски сектор или индустрија, како целина, да има корист во сфери кои во моментов не постојат, а се потребни,

- води електронска база на податоци на иновациска дејност и

- доставува до Комитетот и до Владата извештај за состојбата и резултатите од иновациската дејност во Република Македонија, најдоцна до 31 јануари за претходната година.

Министерството за образование и наука за реализација на активностите од ставот 1 алинеи 16 и 17 на овој член донесува програма по претходна согласност од Владата.

Средствата за активностите од ставот 1 алинеи 16 и 17 на овој член Министерството за образование и наука ги доделува по пат на јавен конкурс.

Начинот на доделување на средствата од став 3 на овој член ги пропишува министерот за образование и наука по претходно позитивно мислење од Комитетот.

## II. СУБЈЕКТИ ЗА ДАВАЊЕ ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДДРШКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ

### Член 9

Субјект за давање на инфраструктурна поддршка за вршење на иновациска дејност се запишува во електронската база во Министерството како:

- деловно-технолошки инкубатор,

- деловно-технолошки акцелератор,

- научно-технолошки парк,

- субјект за поттикнување на иновациските активности во приоритетните области од науката и технологијата и

- центар за трансфер на технологии.

**Деловно-технолошки инкубатор**

Член 10

Деловно-технолошки инкубатор е субјект за давање на инфраструктурна поддршка на иновациска дејност чија основна дејност е ставање на располагање деловен простор, административни, технички и други услуги на новооснованите трговски друштва, за период не подолг од три години сметано од денот на потпишувањето на договорот од ставот 3 на овој член.

Деловно-технолошкот инкубатор се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за здруженија и фондации и/или Законот за трговските друштва.

Правата и обврските на корисниците на услугите и на деловно-технолошкиот инкубатор се уредуваат со меѓусебен договор.

Сите субјекти кои користат услуги на деловно-технолошкиот инкубатор стекнуваат статус на корисник на деловно-технолошкиот инкубатор.

**Деловно-технолошки акцелератор**

Член 11

Деловно-технолошки акцелератор е субјект за давање на инфраструктурна поддршка на иновациска дејност чија основна дејност е ставање на располагање деловен простор, административни и технички услуги, менторство и обука, консултантски услуги и тренинг, обезбедување на иницијално финансирање и давање на стручна помош за надминување на организациските и стратешките пречки на трговските друштва во основање (во натамошниот текст: старт-ап претпријатијата) вклучувајќи го периодот на развивање на деловната идеја до основањето и почетното дејствување на старт-ап претпријатието.

Периодот на нудење на услугите на деловниот акцелератор не треба да биде подолг од шест месеци почнувајќи од денот на потпишувањето на договорот од ставот 3 на овој член, односно од почетокот на разработка на деловната идеја до денот на основањето и почетното дејствување на старт-ап претпријатието.

Правата и обврските на корисниците на услугите и на деловно-технолошкиот акцелератор се уредуваат со меѓусебен договор.

Сите субјекти кои користат услуги на деловно-технолошкиот акцелератор стекнуваат статус на корисник на деловно-технолошкиот акцелератор.

Деловниот акцелератор се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за здруженија и фондации и/или Законот за трговските друштва.

Доколку деловниот акцелератор се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за здруженија и фондации може да му се додели статус на организација од јавен интерес.

**Научно-технолошки парк**

Член 12

Научно-технолошки парк е субјект за давање на инфраструктурна поддршка на иновациска дејност кој во рамките на просторот со кој располага, овозможува инфраструктурни и стручни услуги на субјектите на иновациската дејност, со цел за нивно поврзување, создавање и што побрза примена на нови технологии, создавања и пласман на нови производи, процеси и услуги на пазарот.

Сите субјекти кои користат услуги на научно-технолошкиот парк стекнуваат статус на членка на научно-технолошкиот парк, на кои научно-технолошкиот парк на една или

повеќе локации им овозможува просторни и инфраструктурни услови за работа и истовремено овозможува други услуги поради подигнување на нивото на високообразовната, научноистражувачката, развојната, иновациската или производната работа.

Научно-технолошкиот парк на своја членка може да и овозможи употреба на дел од земјиштето, во рамките на научно-технолошкиот парк, за изградба на развојни и производни капацитети, а во согласност со основната дејност на научно-технолошкиот парк.

Научно-технолошкиот парк се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за трговските друштва.

Меѓусебните права и обврски на членката и научно-технолошкиот парк се уредуваат со договор.

**Субјект за поттикнување на иновациските активности во приоритетна област на науката и технологијата**

Член 13

Субјект за поттикнување на иновациските активности во приоритетна област на науката и технологијата е правно лице основано заради вршење на дејност поттикнување на иновациските активности во приоритетните области на науката и технологијата, утврдени со стратегијата за иновации.

Субјектот од ставот 1 на овој член се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за здруженија и фондации или Законот за трговските друштва.

Субјекти чии активности се поврзани со поддршка на иновации и/или комерцијализација на иновациите и интелектуалната сопственост, вклучувајќи го и развојот на технологиите.

**Центар за трансфер на технологии**

Член 14

Центар за трансфер на технологии е правно лице основано од високообразовна, односно научноистражувачка установа или од друго физичко, односно правно лице во соработка со високообразовната и научноистражувачката установа, заради вршење на дејност трансфер на технологии за примена на технолошки иновации, што особено ги вклучува потрагата за идеи и партнери за трансфер на технологии, процена на комерцијалниот потенцијал од трансферот, поттик за реализација и комерцијализација на трансфер на технологии, заштита на интелектуална сопственост, обезбедување на капитални средства во рана фаза на развој и помош на субјектите на иновациската дејност.

Центар за трансфер на технологии се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за трговските друштва.

Член 15

Република Македонија, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, научноистражувачките и образовните установи и други правни и физички лица, согласно со овој закон, можат да бидат основачи на субјекти за давање на инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност.



www.pravdiko.com

## III. ЕЛЕКТРОНСКА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА ИНОВАЦИСКА ДЕЈНОСТ

Член 16

Министерството води електронска база на податоци за иновациска дејност (во натамошниот текст: база).

Формата, содржината и начинот на водење на базата ги пропишува министерот.

Во базата се запишуваат субјекти на иновациска дејност, како и субјекти за давање на инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност.

Базата од ставот 1 на овој член содржи податоци за субјектите кои се корисници на економски поттикнувачки мерки и буџетските средства за развој на иновациската дејност, како и назив на проектот, висината на доделените средства и нивната искористеност и апстракт од проектот, извештај за планирани технолошки одредници и достигнувања.

За запишување во базата субјектите од ставот 3 на овој член доставуваат барање со потребна документација.

Субјектите од ставот 4 на овој член се запишуваат во базата по службена должност.

Министерството, доколку се исполнети критериумите од членот 17 од овој закон, издава решение за запишување на субјектот од ставот 3 на овој член во базата, во рок од 45 дена од денот на приемот на барањето поднесено од страна на правното лице.

Субјектот запишан во базата ќе биде избришан доколку престане да ги исполнува критериумите од членот 18 од овој закон.

Формата и содржината на барањето од ставот 5 на овој член и потребната документација ги пропишува министерот.

Податоците од базата Министерството ги доставува до Државниот завод за статистика најдоцна до 31 јануари за претходната година.

**Основни и поблиски критериуми за запишување во базата**

Член 17

Основни критериуми за запишување на субјектите од членот 16 став 3 од овој закон кои се правни лица се:

- да имаат седиште на територијата на Република Македонија,
- да се основани согласно со закон и регистрирани во Централниот регистар на Република Македонија,
- да имаат општ акт со кој се утврдуваат целите на основањето, односно програмските цели во областа на иновациската дејност и
- да имаат план и програма за иновациски активности во насока на зајакнување на конкурентноста на македонската економија и подобрување на економскиот раст и развој, за период од најмалку една година.

Основни критериуми за запишување на субјектите од членот 16 став 3 од овој закон кои се физички лица се:

- да имаат место на живеење, односно престојување на територијата на Република Македонија и
- да имаат план и програма за иновациски активности во насока на зајакнување на конкурентноста на македонската економија и подобрување на економскиот раст и развој, за период од најмалку една година.

Критериумите за запишување на субјектите во базата поблиску ги пропишува министерот.



www.pravdiko.com

Член 18

Сите субјекти кои се водат во базата и се корисници на државните поттикнувачки мерки и буџетски средства за развој на иновациската дејност, се должни за својата работа, состојбата на опремата и ресурсите, како и за плановите на нивното користење да поднесат годишен извештај до Министерството најдоцна до 28 февруари за претходната година.

Содржината на годишниот извештај од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 19

Република Македонија и единиците на локалната самоуправа можат да обезбедат финансирање на иновациската дејност поради постигнување на целите на иновациската политика.

Средствата за финансирање на иновациската дејност се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Македонија,
- буџетите на единиците на локалната самоуправа,
- меѓународни финансиски организации,
- Фондот за иновациска дејност и технолошки развој,
- други фондови и
- економски поттикнувачки мерки согласно со членот 45 од овој закон.

### Државна помош

Член 20

Средствата кои се доделуваат врз основа на овој закон за иновациски проекти претставуваат државна помош и на нив се применуваат прописите за државна помош.

## V. ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Член 21

Со цел за обезбедување на финансиски средства за поттикнување на иновациската дејност се основа Фонд за иновации и технолошки развој (во натамошниот текст: Фондот).

Фондот има својство на правно лице.

Седиштето на Фондот е во Скопје.

Називот на Фондот во меѓународниот правен промет е „Fund for innovations and technology development“.

### Статут

Член 22

Фондот има Статут, правилници и други општи акти согласно со закон.

Статутот го донесува Управниот одбор на Фондот по претходна согласност од Владата.

Со Статутот на Фондот се уредуваат организацијата и начинот на работата на Фондот, начинот на предложување на претставници вработени во органите на Фондот, надлежноста на Управниот одбор и Комитетот за одобрување на инвестиции, застапувањето и претставувањето на Фондот, правата, обврските и одговорностите на



www.pravdiko.com

вработените во Фондот, начинот на организирање на работите и други прашања од значење за работењето на Фондот.

Правилниците од ставот 1 на овој член ги донесува Управниот одбор на Фондот по претходна согласност од Владата.

**Работи на Фондот**

Член 23

Фондот врши работи поврзани со финансирање на подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика, а особено:

- професионални и други работи во врска со прибавување на средства во Фондот, управување со тие средства и нивно користење,
- посредување во врска со финансирањето на иновациската дејност од средства на меѓународни организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата согласно со приоритетите утврдени во стратегијата за иновации,
- водење база на податоци за корисниците на средствата доделени од Фондот, идентификациски податоци за субјектот/тите на кои им се одобрени средства, програмите, проектите и другите активности во областа на иновациската дејност кои Фондот ги финансира, како и потребните и достапните финансиски средства за нивна реализација,
- поттикнување и создавање соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и други правни и физички лица, поради финансирање на иновациската дејност, во согласност со иновациската политика и други стратешки планови и програми, како и со ратификувани меѓународни договори за намени утврдени со овој закон,
- избира друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик, кој ќе управува со средствата на Фондот наменети за реализација за инструментите за еквити и мезанин инвестиции и
- врши следење и евалуација на проектите за кои има доделено средства, со цел за развој на претприемачко општество во Република Македонија.

Податоците од ставот 1 алинеја 3 на овој член Фондот ги доставува до Државниот завод за статистика најдоцна до 31 јануари за претходната година.

**Области на дејствување на Фондот**

Член 24

Фондот развива и врши услуги и доделува финансиски средства согласно со стратегијата за иновации и програмите за работа на Фондот од членот 29 од овој закон, кои се однесуваат на следниве области:

- обезбедување на услуги и почетен капитал за формирање и раст на новоосновани трговски друштва преку доделување на финансиски средства за иновациски проекти,
- доделување на кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации,
- поттикнување на приватните инвестиции и финансирање на развојните и/или иновациските проекти во сите фази на развојот преку сопственички капитал и преку комбинација на сопственички капитал и кредити, преку обезбедување на поволни извори на кредит и гаранции за инвеститорите и
- поддржува формирање на приватни фондови преку инвестирање на средства или гарантирање на добивка од инвестираните средства.



www.pravdiko.com

## Инструменти за поддршка

Член 25

Фондот доделува средства преку следниве инструменти за поддршка:

- кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф,
- кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации,
- еквити и мезанин инвестиции,
- кофинансирани грантови за трансфер на технологии и
- техничка помош.

Фондот доделува средства преку објавен јавен конкурс, а врз основа на следниве критериуми:

- проектни критериуми и технолошка перспективност,
- зголемување на учеството на вложувањата во истражувачко-развојните активности во вкупните приходи на претпријатието,
- изготвен деловен план кој ги содржи деловните резултати на проектот, растот на продажбата на производот или услугата што е предмет на проектот, во рок од една година од завршувањето на проектот, растот на продажбата на производот или услугата на странските пазари, во рок од една година од завршувањето на проектот и вредноста на оправданите трошоци на проектот во однос на големината на претпријатието и проекција за нововработени лица,
- потенцијално влијание на економскиот развој и
- придонес кон животната средина - влијанието на резултатите на проектот врз животната средина.

Критериумите и постапките за доделување на средства, содржината на јавниот повик за доделување на средства, начинот на евалуација на поднесените пријави, начинот на промоција и други работи поврзани со оперативното работење на Фондот ги пропишува Управниот одбор по претходно добиена согласност од Владата.

За доделените средства од ставот 1 на овој член Фондот со корисникот на средствата склучува договор.

## Приходи на Фондот

Член 26

Приходите на Фондот се остваруваат од:

- средства од Буџетот на Република Македонија,
- средства во износ од 1% од вкупните средства од програмата за рурален развој,
- донации, прилози, подароци и помош,
- приходи (ројали) од комерцијализација на иновација,
- средства стекнати по основ на продажба на удели кои фондот за еквити и мезанин инвестиции и/или приватниот фонд ги поседува во трговски друштва и други претпријатија, а стекнати со вложувања во развојот на иновациите, преку инструментот еквити и мезанин инвестиции,
- приходи остварени по основ на меѓународна билатерална и мултилатерална соработка на програми, проекти и други активности во областа на иновациската дејност,
- приходи од управување со слободните парични средства на Фондот и
- други извори, во согласност со закон.



www.pravdiko.com

**Употреба на средствата на Фондот**

Член 27

Во вршењето на своите работи, а особено во планирањето и искористувањето на средствата, Фондот ги применува принципите на објективност, одговорност и транспарентност во работата и донесувањето на одлуки.

Средствата на Фондот се користат за финансирање на иновациската дејност, а особено за:

- вложувања во реализација и пласман на пазарно ориентирани иновации на новоосновани трговски друштва,
- поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата согласно со стратегијата за иновации и
- остварување на дејноста на Фондот.

Фондот може да учествува и во кофинансирање на програми, проекти и други активности за намените од ставот 2 на овој член, ако ги организираат и финансираат меѓународни организации, финансиски институции и тела или други странски и домашни правни и физички лица.

**Програми на Фондот**

Член 28

Фондот:

- донесува годишна и среднорочна програма за работа за период од три години,
- утврдува финансиски план, периодична и годишна сметка,
- ја следи реализацијата на програмата и врши надзор врз рационалната употреба на средствата од корисниците на средствата и
- одлучува по други прашања и врши други работи утврдени со Статутот на Фондот.

На годишната и среднорочната програма за работа на Фондот, како и на годишната сметка за работа на Фондот и ревизорскиот извештај, согласност дава Владата.

Управниот одбор доставува за усвојување до Владата извештај за реализација на програмата за работа за изминатата година, најдоцна до 15 јануари во тековната година.

Управниот одбор доставува за усвојување до Владата извештај за реализација на среднорочната програмата за работа, најдоцна до 15 јануари по истекот на третата година.

Управниот одбор е должен да достави извештај за своето работење во друг период, различен од периодите од ставовите 4 и 5 на овој член, по барање на Владата.

**Органи на Фондот**

Член 29

Органи на Фондот се Управниот одбор, Комитетот за одобрување на инвестиции и директорот.

Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата.

Членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции ги именува и разрешува Владата.

**Управен одбор**

Член 30

Управниот одбор има претседател и шест члена.

Претседател на Управниот одбор, од редот на членовите на Управниот одбор, го именува Владата на предлог на членовите на Управниот одбор.

Членовите на Управниот одбор ги именува Владата и тоа истакнати стручњаци со најмалку пет години работно искуство од областа на економијата, финансиите, правото, инвестициите или иновациската дејност, со завршено најмалку високо образование и да познаваат англиски јазик.

Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од три години, со тоа што половина од членовите на Управниот одбор се менуваат за две години, а другата половина за една година, односно третата година, со цел да се задржи континуитет на функционирањето на Управниот одбор.

Членовите на Управниот одбор не може да бидат лица вработени во Фондот.

Управниот одбор ги врши следниве работи:

- се грижи за реализација на програмите на Фондот,
- се грижи за редовното работење на Фондот,
- ги донесува краткорочната и среднорочната програма за работа, финансискиот план и годишниот извештај за работењето на Фондот кои ги поднесува на согласност до Владата,
- му дава согласност на директорот за уредување на организацискиот систем на внатрешната контрола,
- избира овластен ревизор,
- му дава согласност на директорот да ги утврди општите услови на работење,
- донесува внатрешни акти за организација и систематизација на работните места и правилници за работењето на Фондот,
- дава претходно мислење за именување и разрешување на директорот на Фондот и
- одлучува и за други прашања согласно со овој закон.

Управниот одбор одлучува на седници. Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половина од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Управниот одбор може да врши увид во деловните книги или деловната документација на Фондот.

Членовите на Управниот одбор при извршувањето на работата мора да дејствуваат со должно внимание и да ги штитат деловните тајни на Фондот.

Директорот, по барање на Управниот одбор, поднесува извештај за поединечни работи поврзани со управувањето на наменските средства, односно за други барања поврзани со работењето на Фондот.

На претседателот и членовите на Управниот одбор им следи надоместок за работата во Управниот одбор, чија висина ја утврдува Владата, врз основа на присуството на седниците на Управниот одбор.

Членовите на Управниот одбор можат да бидат разрешени од Владата и пред истекот на мандатот за кој се именувани.

## Комитет за одобрување на инвестиции

### Член 31

Комитетот за одобрување на инвестиции има пет члена кои ги избира Владата од редот на експерти со најмалку десетгодишно меѓународно искуство од областа на инвестициите во иновациската дејност.

Членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции се избираат под услови и критериуми утврдени во меѓународен оглас.

Меѓународниот оглас за избор на членови на Комитетот од ставот 1 на овој член го објавува Управниот одбор шест месеци пред истекот на мандатот на членовите на Комитетот.

Членовите на Комитетот од ставот 1 на овој член се именуваат за период од три години, со тоа што половина од членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции се менуваат за две години, а другата половина за една година, односно третата година, со цел да се задржи континуитет на функционирањето на Комитетот за одобрување на инвестиции.

Комитетот за одобрување на инвестиции одржува најмалку два состанока при секој јавен повик за доделување на средства.

На претседателот и членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции им следи надоместок за работата во Комитетот, чија висина ја утврдува Владата врз основа на присуството на седниците на Комитетот.

Комитетот ги разгледува и одобрува предлог-проектите доставени до нив за сите инструменти за поддршка на Фондот согласно со членот 25 од овој закон.

Комитетот донесува одлука за доделување на инструменти на поддршка во рок од еден месец од доставувањето на предлог-проектите до Комитетот.

Членовите на Комитетот одговараат спрема Фондот за штетата предизвикана заради нивното несовесно или незаконско работење.

Членовите на Комитетот можат да бидат разрешени од Владата и пред истекот на мандатот за кој се именувани.

**Директор**

Член 32

Директорот на Фондот се избира по пат на јавен оглас.

Јавниот оглас за избор на директор го објавува Управниот одбор.

Директорот на Фондот го избира Управниот одбор по претходно добиена согласност од Владата.

Директорот се избира за период од четири години и може повторно да биде избран само уште еден мандат.

За директор може да биде избрано лице со завршено најмалку високо образование од областа на економските или техничко-технолошките науки со најмалку пет години работно искуство во областа и да познава најмалку еден светски јазик.

**Постапка за избор на директор**

Член 33

Јавниот оглас за директор го подготвува и објавува Управниот одбор најмалку 60 дена пред истекот на мандатот на директорот.

Формална верификација на пристигнатите барања врши овластено лице од Управниот одбор кое изготвува преглед на пристигнати пријави и го поднесува на разгледување до Управниот одбор.

Управниот одбор по разгледувањето на потполните и навремено пристигнатите пријави и претходно извршените лични интервјуа со потенцијалните кандидати формира мислење кое го доставува до Владата заедно со пристигнатите пријави.

Владата, врз основа на предлог на Управниот одбор, донесува одлука за избор на директор на Фондот која се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Против одлуката на Владата за избор на директор на Фондот може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија".



www.pravdiko.com

**Овластувања, обврски и одговорности на директорот**

Член 34

Директорот:

- раководи со Фондот и го претставува и застапува Фондот пред трети лица,
- ги предлага основите на годишната и среднорочната програмата за работа и презема мерки за нивно спроведување,
- донесува акти за организација и работа на Фондот и општ акт за систематизација на работите во Фондот,
- организира и обезбедува законито и ефикасно извршување на работите од делокругот на Фондот и е одговорен за законитоста во работата на Фондот,
- се грижи за извршување на донесените одлуки, насоки и заклучоци на Управниот одбор на Фондот,
- ја организира и координира работата на вработените во Фондот и одлучува за остварување на нивните права и обврски од работен однос, согласно со законите и другите прописи од работните односи и колективните договор и
- врши и други работи кои со закон, Статутот или другите општи акти се ставени во негова надлежност.

При извршување на својата работа директорот е должен да ги штити деловните тајни на Фондот.

Директорот е надлежен за законитоста на работата на Фондот.

Директорот одговара спрема Фондот за штетата предизвикана заради негово несовесно или незаконско работење.

**Предвремено разрешување**

Член 35

Управниот одбор, по претходна согласност од Владата, може да го разреши директорот:

- на негово барање,
- ако настане некоја од причините поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос по сила на закон,
- ако не постапува според закон, Статутот и општите акти на Фондот или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив,
- ако со својата несовесна и неправилна работа му предизвика на Фондот значителна штета или ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски и поради тоа ќе настанат или би можеле да настанат потешки нарушувања во дејноста на Фондот,
- ако го попречува или на друг начин го оневозможува остварувањето на правата и обврските на корисниците на инструментите за поддршка и
- ако работи спротивно на закон.

Ако настане некоја од причините од ставот 1 на овој член, функцијата директор ја врши вршител на должноста директор до избор на директор, а најдолго до шест месеци.

Ако и во рокот од ставот 2 на овој член не се избере директор, вршителот на долшноста директор може да се именува за уште шест месеци.

Вршителот на должноста директор го именува Владата на предлог на Управниот одбор.



www.pravdiko.com

**Транспарентност на работата на Фондот**

Член 36

Работата на Фондот е транспарентна.

Фондот навремено и точно ја известува јавноста за вршењето на дејноста за која е основан, преку својата веб страница, на начин пропишан со Статутот на Фондот.

На барање на јавноста Фондот дава информации за вршење на работи од својата дејност, согласно со Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

**Вршење на стручни и други работи**

Член 37

Стручни и административно-технички работи вршат вработените во Фондот.

За вработените во Фондот, во однос на правата и одговорностите од работен однос, се применуваат одредбите од Законот за работните односи.

**Судир на интереси**

Член 38

Во случај на постоење на судир на интереси при доделување на средствата согласно со овој закон, се применува Законот за спречување на судир на интереси.

VI. ФОНД ЗА ЕКВИТИ И МЕЗАНИН ИНВЕСТИЦИИ И ПРИВАТЕН ФОНД

**Основање и регистрација на Фондот за еквити и мезанин инвестиции**

Член 39

Фондот за еквити и мезанин инвестиции се основа од Фондот за иновации и технолошки развој.

Фондот за еквити и мезанин инвестиции се регистрира во Регистарот за фондови на Република Македонија што се води во Комисијата за хартии од вредност, а пријавата за запишување ја поднесува Фондот за иновации и технолошки развој.

Големината на Фондот за еквити и мезанин инвестиции изнесува најмалку 300.000 евра во денарска противвредност.

На Фондот за еквити и мезанин инвестиции не се применуваат одредбите од Законот за инвестициски фондови.

**Друштво за управување со Фондот за еквити и мезанин инвестиции**

Член 40

Со Фондот за еквити и мезанин инвестиции управува друштво за управување со приватни фондови, под услови и на начин утврдени во Законот за инвестициски фондови.

По исклучок на одредбите од Законот за инвестициски фондови, Статутот и проспектот на Фондот за еквити и мезанин ги донесува Фондот.



www.pravdiko.com

**Статут на Фондот за еквити и мезанин инвестиции**

Член 41

Со Статутот на Фондот за еквити и мезанин инвестиции се уредува неговото работење, правната положба на сопствениците на документите за удел, правните односи на Фондот за еквити и мезанин инвестиции со друштвото за управување, како и други прашања од интерес за остварување на целите на Фондот за еквити и мезанин инвестиции.

**Проспект на Фондот за еквити и мезанин инвестиции**

Член 42

Проспектот на Фондот за еквити и мезанин инвестиции содржи податоци од Статутот, детални информации и податоци за целите и политиката, како и други информации што се однесуваат на Фондот за еквити и мезанин инвестиции, а што можат да влијаат на одлуката на вложувачите за вложување.

**Финансиски извештаи на Фондот за еквити и мезанин инвестиции**

Член 43

Фондот за еквити и мезанин инвестиции подлежи на ревизија.

Извештајот за извршената ревизија, веднаш по добивање, друштвото за управување го доставува до Фондот за иновации и технолошки развој, заедно со финансиските извештаи и годишниот извештај за работење на Фондот за еквити и мезанин инвестиции.

**Поддршка за формирање на приватни фондови**

Член 44

Фондот може да инвестира средства и во приватни фондови, под услови и на начин утврдени со Законот за инвестициски фондови.

Инвестирањето на средствата од страна на Фондот е во форма на вложување на почетен капитал за формирање на приватен фонд, но не повеќе од една третина од вкупната големина на Фондот.

Фондот може да понуди дополнителни стимулации за привлекување на инвеститори во приватните фондови. Дополнителните стимулации се однесуваат на давање на повластени права на инвеститорите во однос на заштита на дел од загубата на вложените средства, давање на повластени права на инвеститорите од аспект на гарантирање на приоритетен поврат на вложените средства и/или гарантирање на повластена стапка на поврат на вложените средства.

VII. ЕКОНОМСКИ ПОТТИКНУВАЧКИ МЕРКИ

Член 45

Субјектите на иновациската дејност, запишани во базата од членот 16 од овој закон, се ослободени од царински давачки за увоз на опрема наменета за научноистражувачка и иновациска дејност, под услови и на начин утврдени во прописите од областа на царинското работење.



www.pravdiko.com

## VIII. НАДЗОР

### Член 46

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството.

Надзор над финансиското работење на Фондот, за средствата од Буџетот на Република Македонија, врши Државниот завод за ревизија.

Фондот е обврзан еднаш годишно да врши ревизија со избор на друштво за ревизија.

Извештајот од ревизијата друштвото за ревизија го доставува до Фондот и до Владата.

Непосреден надзор над финансиското работење за средствата од меѓународни организации, финансиски институции и тела и други странски и домашни правни и физички лица се врши на начин договорен меѓу Фондот и давателот на финансиските средства.

## IX. КАЗНЕНА ОДРЕДБА

### Член 47

Претседателот и членот на Комитетот за одобрување на инвестиции кој нема да постапи согласно со роковите од членот 31 став 8 од овој закон, кривично ќе одговара и ќе се казни со парична казна во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 48

Претседателот и членовите на Управниот одбор на Фондот, претседателот и членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции и на Комитетот за претприемништво и иновации Владата ќе ги именува во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Фондот ќе започне со работа со денот на именувањето на членовите на Управниот одбор.

Владата, до изборот на директор на Фондот, именува вршител на должноста директор во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Управниот одбор во рок од 30 дена од денот на неговото конституирање ќе донесе статут на Фондот.

Управниот одбор во рок од 30 дена од денот на неговото конституирање ќе ги донесе актите за организација и систематизација на работните места во Фондот.

### Член 49

Одредбата од членот 45 од овој закон ќе се применува до пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

### Член 50

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 51

Постапките започнати според одредбите од Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 47/11) пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 47/11).



www.pravdiko.com

Член 52

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 47/11).

Член 53

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.com